# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Соопштенија за јавност | 18.3.2020

Основниот кривичен суд Скопје ги информира граѓаните дека согласно препораките на Владата на РСМ и Одлуката на Судскиот совет :

Основниот кривичен суд Скопје ги информира граѓаните дека согласно препораките на Владата на РСМ и Одлуката на Судскиот совет :

http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/vesti/095f4772-bdf3-4938-84b3-98d67fb9ca3e/!ut/p/z1/tVNNU4MwFPw1HEMCCSR4Y9TaqR_VUWzJxYGQtKgkCBHUX296cqzfo-aSyczuvn378iCHS8h1MdSrwtZGF7funfP4Kj4gBLFDdMRmewlKM4InZ6cXAaEELl4DDoI5c4B5FifTSZhl ZeQQy60be0a5r0ZpL1qbjzU31ceao2QVhceGmRvaw-hJFKE0hCUIcKAJJgBRkoMEIbFVJWJKLDcyLWirmCuHKiosAQYxyUgUgQgUYKBKi6UiCqRhIhu23_rb2Mff MhD43j6K-MWd1KX5jGQ-9R1qa3cPkaCXPXG33pbT6dUNfbfhCl7Cw8nzrzQy1HmGnTNW7U5z-MzglsVdhKbxL8ssLn8ifR_8rTX8rPvvr6bo5hd7x77ObYFnYNaq0MXH7rkztqfX13x1O3O0Zb-eCm_xfL0zZZw_Aj0E9HcgHy2TCOF6rZLdnmWrD-GXjx5DE!/dz/d5/L2dBISEvZ0FBIS9nQSEh/?urile=wcm%3Apath%3A%2Fsovet_mk%2Fsud%2Fpocetna%2Fvesti%2F095f4772-bdf3-4938-84b3-98d67fb9ca3e

судот во следниот период ќе продолжи со судење само на итните и неодложни предмети односно притворски и кривични предмети со други мерки за обезбедување присуство на обвинетите, кривични предмети за кои постои опасност од застарување, кривични предмети кои се во фаза на донесување одлука како и сите други кривични предмети и обврски опфатени во објавената одлука на Судскиот совет.

**Но, со цел заштита на странките во постапката и судските службеници од ширење на корона вирусот, судот ги известува сите граѓани кои имаат добиено писмена или усна покана за судење насрочено во следните 30 дена, дека на влезот од судската зграда од утре 18.03.2020 год. преку посреден контакт со судската полиција, односно преку шалтерот за прием, ќе бидат известени дали предметот за кои се повикани ќе се одржи, а доколку не кога и како ќе бидат известени за следно судење.**

Уште еднаш како суд апелираме до граѓаните и сите адвокати, обвинители, вештаци и сведоци доследно да ги почитуваат и да се придржуваат кон препораките на Владата и доколку не се повикани од судот непотребно да не влегуваат во судската зграда.

Со почит **Основен кривичен суд Скопје**.